# ОСТВАРУВАЊА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО 2008 ГОДИНА

***<u>Активности за спречување на шверц, криумчарење и економски криминал</u>***

### *Поднесени кривични пријави

| | 2007 | 2008 |
|---|---|---|
| **Вкупно кривични пријави** | **163** | **164** |
| **Кривични пријави против правни лица** | 67 | 81 |
| **Кривични пријави против физички лица** | 206 | 209 |
| **Вредност на стоки** | 57.390.900,00 | 113.947.857,00 |
| **Избегнати давачки** | 70.585.809,00 | 126.492.205,00 |

**Поделено по основи** кривичните пријави се однесуваат на

| | 2007 | 2008 |
|---|---|---|
| **Внесување опасни материи** | 0 | 1 |
| **Даночно затајување** | 10 | 5 |
| **Закон за акцизи и лажно пријавув. на кривично дело** | 0 | 1 |
| **Кражба** | 0 | 1 |
| **Криумчарење** | 35 | 38 |
| **Недозволена изработка, чување и тргув.со оружје** | 1 | 1 |
| **Недозволено производство** | 2 | 1 |
| **Неовластено производство и промет со наркотици** | 3 | 2 |
| **Неовластено производство и промет со оружје** | 1 | 3 |
| **Промет со акцизни стоки без бандероли** | 55 | 35 |
| **Спречување на службено лице во врш.на сл. дејствија** | 0 | 1 |
| **Транспорт со акцизни стоки од акциз.склад** | 1 | 3 |
| **Фалсификување и употреба на исправа** | 7 | 20 |
| **Фалсификување пари** | 0 | 1 |
| **Царинска измама** | 48 | 51 |
| **Вкупно** | **163** | **164** |

### * Прекршочни пријави

**- 838 примени барања за поведување на прекршочна постапка во 2008година**

**- Решени 572 предмети**

- Вкупно во Комисијата примени 3.529 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои
  - Примени нерешени предмети од судовите 1.294
  - Нови прекршочни пријави од МВР 523
  - Нови прекршочни пријави од други организациони единици на ЦУ 1.712
- Решени 847 предмети

### * Заплена на стоки

**Заплената на дроги годинава**

| **Вид на дрога** | **2007** | **2008** |
|---|---|---|
| Кокаин | 486.705,00 гр. | 1.325,00 гр. |
| Марихуана | 15.802,00 гр. | 0,00 гр. |
| Морфин | 0,00 гр. | 12.119,00 гр. |
| Семе за канабис | 0,00 гр. | 49,00 гр. |
| Хероин | 46.648,00 гр. | 37.695,00 гр. |

**Заплената на пари/девизи**

| **Валута** | **2007** | **2008** |
|---|---|---|
| AUD | 21.000 | 32.000 |
| DKK | 16.000 | |
| CHF | 85.600 | 19.300 |
| EUR | 757.605 | 836.404 |
| MKD | 166.700 | 155.700 |
| USD | 54.750 | 187.450 |
| SEK | 240.00 | |

**Запленитe на цигари и алкохол**

| | 2007 | 2008 |
|---|---|---|
| **Цигари** | 21.712.435 парче | 946.305 парче |
| **Алкохол** | 984 литар | 339 литар |

**Вкупниот број на поединечни заплени на стоки,**

| | 2007 | 2008 |
|---|---|---|
| **Вкупно заплени** | 4.028 | 4.395 |
| **По основ на интелектуална сопственост** | 314 | 269 |
| **По основ на непријавена стока** | 1.473 | 2.820 |

Најкарактеристични заплени на останати разновидни стоки во 2008 година се:

- Електрични апарати, компјутери, компјутерска опрема и делови – 156.920 парчиња;
- Машини, алати и делови – 38.884;
- Оружје и муниција – 15.288 парчиња;
- Текстилни производи, облека и модни додатоци – 224.515 парчиња;
- Ткаенина, кожи и теписи – 28.111 м2
- Патики и друг вид обувки – 17.756 пара
- Чанти, ремени, паричници и патнички куфери – 11.512 парчиња;
- Очила за сонце и очила со диоптрија – 7.555 парчиња;
- Рачни часовници – 944 парчиња;
- Лекови и помошни лековити средства – 125.062 парчиња;
- Храна и прехранбени производи – 94.705 килограми;
- Декоративна козметика и хигиенски производи – 237.465 парчиња;
- Цвеќе и садници – 13.100 парчиња;
- Злато и златен накит – 1.402 грама;
- Бижутерија и накит – 472.016 парчиња;
- Украси, кујнски прибор и елементи за домакинство – 181.991 парчиња;
- Мебел – 5.370 парчиња;
- Авто делови – 11.977 парчиња;
- Детски играчки – 7.280;
- Ситно сецкан тутун -10.120 килограми;
- Предмети од археолошка и етнолошка вредност од 19 и 20 век – 22 парчиња.

*** Извршени контроли на трговски друштва**

| Активност | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Извршени дополнителни контроли по разни основи во трговски друштва | **244** | 187 |
| Извршени документарни контроли | 2 | 4 |
| Вкупно изготвени предлози за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг | **1189** | 1.655 |
| Висина на давачки во денари (вкупно со предлози за наплата по укинување на слободна зона Фени Индустри) | **46.026.181,00** | 202.693.201,00 |
| Висина на давачки во денари (вкупно без наплати по укинување на слободна зона Фени Индустри) | **38.710.938,00** | 12.493.038,00 |
| Предлози за враќање на повеќе платен царински долг | 2 | 121 |
| Висина на давачки во денари | 24.439,00 | 523.914,00 |
| Предлози за дополнителна проверка на комерцијални фактури, Атести и ЕУР-1; | **59** | 53 |
| Заеднички контроли со други организациони единици на ЦУ на Република Македонија | **14** | 18 |

*** Наплатени приходи** (заклучно со 31.12.2008 година) **вкупно 51.030 милиони денари** на име Буџетски приходи, што е за 22 % повеќе во однос на истиот период 2007 година, и тоа:

- на име **царина и други царински давачки**, наплатени се 6.400 милиони денари што е за 2% повеќе од истиот период во 2007 година.
- на име **ДДВ** наплатени 43.382 милиони денари, што е 26 % повеќе од истиот период во 2007 година.

- наплатените приходи од **акциза**, изнесуваат 976 милиони денари, што е 10 % повеќе од истиот период во 2007 година.
- наплатените приходи од **надоместоци** изнесуваат 272 милиони денари кои во однос на истиот период 2007 година се за 59 % повеќе приходи од надоместоци.

* **Пропишан нов начин на присилната наплата на царинскиот долг** врз основа на Законот за даночна постапка, односно се воспостави правна рамка Царинската управа дополнително настанатиот царински долг кој не е наплатен да го наплатува, покрај со блокирање на сметките во деловните банки, и со заплена на имот и парични средства на царинските должници.

* Како резултат на овие законски измени, од евидентираните 3.175 решенија за дополнителна наплата на царински долг во вкупен износ од 201 милиони денари, наплатени се 3.143 решенија со износ на долг од 186 милиони денари или 99%. Од аспект на 304 царински должници опфатени со овие решенија останаа ненаплатени решенијата само кај 10 царински должници, до кои веќе се доставени писмени опомени и против истите во тек е спроведување на постапката за присилна наплата на долгот согласно новите прописи.

* Во 2008 година вредноста на стоките ставени во постапка на редовен увоз изнесува 50.011 милиони денари од која вредност 42,16 % или 21.084 милиони денари се обезбедени со банкарски гаранции.

* Во делот на постапката со економски ефект Царинската управа, во интерес на стопанството, во 2008 година одобри намалување на висината на бараните банкарски гаранции и тоа во 233 случаи за 50%, во 9 за 30% и во 10 случаи за 10% што е речиси за 50% повеќе во однос на 2007 година (кога се одобрени 162 намалувања од 50% и 7 намалувања од 30%).

***Постапување со одземени стоки**

- **донесени и реализирани 45 решенија на Владата на РМ со кои на државните органи и хуманитарни организации бесплатно се отстапени разновидни одземени царински стоки** меѓу кои претежно облека и обувки, училишен прибор, опрема и апарати за домаќинство во вкупна вредност од приближно 18 милиони денари.
- **реализирани се 6 поголеми уништувања** на одземената царинска стока и тоа на разни видови и марки на цигари, алкохолни пијалоци, прехрамбени производи и лекови во вредност од 9.5 милиони денари.
- **спроведени се повеќе лицитации и продажби на одземените стоки** и тоа на сурова кожа, разна техничка стока и делови од опрема, негатив филмови и отпадно железо и притоа остварена е продажна цена во вкупен износ од 450.000 денари.

***<u>Опрема и модернизација на Мобилните тимови,</u>***

* **Ставени во функција четирите мобилни скенери**

* **Набавени 4 нови кучиња од расата Лабрадор** и истите ќе бидат обучени за откривање на тешки и лесни droги во центрите за обука во Германија.

* **Набавени 2 нови моторни чамци** со кои мобилните тимови на Царинската управа за првпат ќе почне да ја контролира водената граница на Охридско и Преспанско езеро.

* **Набавено е ново и најсовремено оружје за лично вооружување** со кое ќе се зголеми безбедноста во секојдневното извршување на работните задачи.

* **Набавени се нови униформи** и извршена е промоција на истите.

* **Во ноември 2008 година Амасадата на САД донираше 10 теренски возила** Лада-Нива и софистицирана опрема за Одделението за оперативни работи која ќе се употребува за откривање на недозволена трговија на стоки и опасни материи

***Професионална одговорност и борба против корупција***

*** Отворена царинска линија 197**

1. Примени 98.859 повици, или за 24% повеќе во однос на 2007 г
2. Во просек 279 повици на ден или за 27% повеќе во однос на 2007 г
3. 498 повика се проследени до соодветни служби за понатамошна обработка или за 18% тој број е поголем во однос на 2007 г. Од нив, 251 се однесувал за непрофесионално однесување на царинските службеници и се проследени до СПО, а останатите 247 повика се проследени до соодветни служби за понатамошна обработка и постапување.

*** СПО**

1. **Спроведени 37 внатрешни инспекции** (33 во 2007г), врз чија основа се преземени понатамошни активности за отстранување на неправилностите и поведување на постапки за утврдување на одговорност за сторителите.
2. **Спроведени 140 истраги** (240 во 2007г) врз основа на примени информации и поплаки од физички и правни лица за несоодветно спроведување на царинските постапки од страна на царинските работници и нивно несовесно вршење на службените должности.
3. По завршените истраги во **70 случаи констатирани се основани сомененија дека царинските работници работеле спротивно на законските одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и Етичкиот кодекс за што се изготвени 70 Службена информации** (61 во 2007г). За инволвиранаите царински рабоатници доставени и преземени се активности за утврдување на постоење на дисциплинска одговорност и злоупотреба на службената положба и овластување. Интересен е податокот дека од вкупниот број 140 завршени внатрешни истраги за овој пеирод во 50 % случаеви е констатирано несовесно работење и извршување на службените должности од страна на царинските работници.
4. Во 55 случаи изготвени се Службени белешки (87 во 2007г), кога по завршените истраги не е утврдено работење на царинските работници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и Кодексот за работење.
5. По завршени внатрешни предистражни постапки до Јавното обвинителство **доставени се 50 кривични пријави поради основани сомненија за сторени кривични дела, злоупотреба на службената положба и овластување против 63 царински службеници.** (споредено со 3 кривични пријави против 10 царински службеници во 2007 година). До крајот на месец декември до ОЈО Струга ќе бидат доставени уште 34 кривични пријави против 34 царински службеници.
6. Во соработка со надлежните органи на МВР до Основните јавни обвинителства достави **5 кривични пријави, поради основано сомнение за сторени кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување и примање потткуп за 15 царински службеници** (споредено со 9 кривични пријави против 11 царински службеници во 2007 година).
7. **ЦУРМ е првата државна институција која на 27.11.2008 година ги превзеде анкетните листови од Државната комисија за спречување на корупцијата**. СПО презеде вкупно 812 анкетни листови за имотната состојба доставени од страна на царинските службеници на 30.03.2005 година. Во завршна фаза се активностите за воспоставување на електронска евиденција за податоците од анкетните листови со строго ограничен пристап.
8. За 43 царински службеници кои ја напуштиле Царинската управа доставени се Информации до Државната комисија за спречување на корупцијата, дека истите треба да достават анкетен лист за нивната имотна состојба.

*** Дисциплински постапки**

- во текот на 2008 година **поведени се 93 дисциплински постапки** за утврдување на одговорност кај вработените кои сториле повреда на работниот ред и дисциплина.
- **донесени се 46 решенија за престанок на работен однос со отказ, 35 решенија за изречена дисциплинска мерка парична казна и 17 решенија со кои се запира дисциплинската постапка** поради застареност за дисциплинска одговорност или немање на одговорност по поднесениот предлог.
- **изречени се 4 суспендирања** на царисnски службеници поради сторени кривични дела поврзани со вршење на службените должности.
- **18 вработени во Царинската управа поднесоа барања за престанок на работен однос**

***<u>Развој на ИКТ</u>***

1. Воспоставен **Интегриран Информационен Систем** кој опфаќа автоматизација на процесите на работа во административните служби преку управување со документи, системот за планирање и управување со човечки ресурси, финансовото работење, обуките работењето на архивата и канцелариското работење.
2. Во фаза на потпишување е Договор со Италијанска царинска управа за воведување на нов царински софтвер-**Систем за обработка на царински декларации, СОЦД.**
3. **Пуштен во работа Едношалтерски систем за увозни, извозни и транзитни дозволи и тарифни квоти – EXIM –** Проект на Владата на РМ, координиран од Царинската управа, а реализиран во соработка со USAID Проектот е- Влада и 15 владини институции.
4. Развиена апликација за обработка на разузнавачки информации, заплени, прекршоци, претреси и податоци од претреси–**TRIPS**, имплементирана во соработката со CrownAgents.
5. **Централизиран систем за видео мониторинг** инсталиран на сите гранични и внатрешни испостави. Системот се состои од 240 високо квалитетни камери, до кои има пристап Секторот за контрола и истраги и СПО.
6. **Систем за автоматско проепознавање на регистарски таблички ANPR,** инсталиран на 132 коловозни ленти на граничните и внатрешните царински испостави.
7. **Систем за пратење на позицијата на возилата во спственост на ЦУ со користење на GPS технологија,** кој овозможува брзо и прецизно лоцирање на возилата на мобилните тимови и полесна координација од страна на оделението за координација и комуникација.
8. **Систем за евиденција на работно време**
9. **Систем за контрола на кориснички пристап-Active Directory,** кој обезбедува централизиран, контролиран и безбеден пристап на корисниците во Царинскиот Информационен Систем.
10. **Систем за далечински пристап до ИКТ системите,** наменет за Секторот за контрола и истраги, кој овозможува далечински пристап на мобилните тимови до комплетниот Царински Информациионен Систем.
11. **Системот за информирање на менаџментот,** наменет за преглед на обемот на работа за граничните испостави и изработка на сумарни и споредбени прегледи на статистички извештаи од централната база на податоци во делот на надворешното трговско работење.
12. **Развиена апликација за магацинско работење.**
13. **Систем за електронската размена на контролни царински податоци,** кој во моментов е во функција при размената со Косово
14. Започна имплементација на **Систем за размена на податоци со УЈП,** кој ќе овозможи меѓусебно информирање и кооридинација за активностите за превенција на корупцијата.
15. Во соработка со Управата за спречување перење пари, во тек е имплементацијата на **Апликацијата девизни контролници**. Истата треба да овозможи централизирана обработка на информациите за пријавени девизи и за девизните прекршоци.
16. Извршена е двојно зголемување на пропусната брзина на сите телекомуникациски врски кон сите царински испостави, во царинската компјутерска мрежа.
17. Унапреден е **Системот за наплата** преку доработка на **Апликација за подготовка на вирмани и контрола на грешки**. Апликацијата ги содржи потребните контроли за поврзување на трансакциите од трезорскиот систем со царинскиот систем за процесирање на декларации, како и нивно печатење.
18. Унапредени се функционалностите на **БОРДЕР** апликацијата, во делот на електронско внесување на заклучоците за потребните исправки на рубриките од ЕЦД-то и автоматско затварање и обработка на заклучоци на Образец 302 за евиденција на стоки за NATO/KFOR.
19. Унапреден е **МИС (Management Information System)**.
20. Над 1600 повици пристигнати преку Help Desk, врз кои беа спроведени потребните интервенции. Извршени се над **1000** интервенции на кориснички имиња и над 1500 интервенции на ЕДБ на даночните обврзници во соодветните апликации. Едитирани се и околу **2000** заклучоци за промена на податоци во електронски запис на ASYCUDA и БОРДЕР.

***Олеснувања и поддршка за бизнисите***

***Намалени царински стапки за определени производи.** Во 2009 година ќе се плаќаат намалени царински стапки за околу 510 тарифни ознаки. Се укинува или намалува царинската стапка за некои видови семенски материјал и расад, ѓубрива, инсектициди, фунгициди, пивски јачмен, слад, како и кај некои репроматеријали за хемиската, фармацевтската и други сродни индустрии, као и на широк спектар на индустриски машини.
Во областа на компјутерската опрема намалени се царинските стапки на мултифункционалните печатари и монитори.
***Формирана нова современа царинска лабораторија** на Природно математичкиот факултет - Институт за хемија**.** Царинската управа преку Европската комисија-програма CARDS доби техничка помош-лабораториска опрема во вредност од 538.150,00 **евра.**
***Потпишана** Одлука за измена на Протоколот за потекло со Турција. Важно е за дијагоналната кумулација.
*** Усвоени се измените на текстот на Протоколот за потекло од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и земјите членки на ЕФТА** при што за прв пат во договорите кои Република Македонија ги има склучено е воведена Пан-еуро-мед кумулацијата.
* Со измените на законот за трговија по предлог на ЦУРМ **повеќе не се задолжителни декларациите и упатства за употреба на македонски јазик, како и атестите за техничка стока во царинската постапка**
* Со измената на законот за девизно работење, **по прекршоците кои што се однесуваат на внесување и изнесување на девизи, прекршочна постапка води Комисија за одлучување по прекршок при ЦУРМ.** Измените се однесуваат и на висината на глобата што се изрекува за сторен прекршок, како и на рокот на застареност за водење на прекршочна постапка.
***Зголемени лимитите за изнесување на девизи, како и за внесување на девизи без пријавување** со приложување на потврда од 4000 на 10000 евра, како и износот кој што може да се внесува без пријавување од 2000 на 10000 евра.
*** Воведено 24 часовно извозно царинење на** граничните премини Богородица, Ново Село, Меџитлија и Блаце.
*** Воведување на концептот овластен економски оператор.** Изменет е Царинскиот закон со воведување на концептот на овластен економски оператор, во тек е постапка на измена на Уредбата за спроведување на царинскиот закон со која ќе се овозможи функционирањето на овој концепт. Ова значи усогласување со прописите на ЕУ, како и примена на глобалниот концепт на давање на повластени постапки на компании кои имаат историја на почитување на царинските и даночните прописи и кои применуваат проверени безбедносни стандарди во трговијата.
*** Од 01.01.2009 не се наплаќаат надоместоци за царинска придружба.** Со примената на оваа измена значително ќе се намалат трошоците на превозниците и увозниците на некои видови на акцизна стока, бидејќи досега плаќаа вакви надоместоци во значителни износи.
*** Зголемен лимитот за ослободување од плаќање на царина за стока која патниците ја внесуваат од странство од 45 на 175 евра**
*** Воведување на сигурносни пломби.** Во текот на следната година досегашните оловни пломби со кои се пломбираа товарните возила заради обезбедување на царинскиот надзор, и се покажаа како застарени и недоволно безбедни, ќе бидат заменети со нови високо сигурни пломби.
*** Регулирани надоместоците за услуги кои се наплаќаат на граничните премини.** Предвидена е наплата на само еден надоместок и тоа за влез на возила и користење на терминал каде се спроведува царинска постапка во износ од 1000 денари. На овој начин се ставаат во еднаква позиција странските и домашните возила, кои досега плаќаа различни износи.Исто така, повеќе нема да се наплаќаат голем број на услуги, како што се надоместок за вагање на возилата, надоместок за користење на паркинг простор и надоместок за користење на јавни санитарии.
*** Бројот на поедноставени постапки зголемен од 49 (2007) на 60 (2008), компании кои имаат одобренија за увоз за облагородување од 230 на 300, складови од 70 на 80.**
* Донесен Законот за ратификација на Протоколот за измени и дополнувања на Меѓународната конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки (Ревидирана Кјото Конвенција)

***Заштита на права од интелектуална сопственост***

1**. Евидентирани се 170 случаи на привремено задржана стока** заради сомневање во повреда на право од интелектуална сопственост, од кои 84 случаи се однесуваат на стока ставена во увозна постапка, 81 случај се однесува на стока ставена во транзитна постапка и 5 случаи се однесуваат на стока ставена во извозна постапка. Вкупната количина на задржаната стока изнесува 984 955 парчиња, 18.000 кг прашок за перње, 2.217 кг ткаенина, 9.450 л алкохол и 550 м текстилни етикети.
**2. Донесени се одобренија за уништување на 230.824 парчиња фалсификувана стока, а уништени се 171.701 парчиња различен вид на стока.**
3. **Поднесени се 78 нови барања за преземање на царински дејства за трговска марка, едно барање за патент и едно барање за индустриски дизајн.**

***Меѓународни активности***

* На 17 октомври 2008 година директорот на Царинската управа, г-дин Ванчо Каргов, во Брисел оствари **средба со Генералниот секретар на Светската царинска организација Кунио Микурија**.
* На 14.10.2008 година во просториите на царинската испостава Хани и Елизит на Косово, Царинската служба на УНМИК и Царинската управа на Република на Македонија одржаа редовен работен состанок.
* Остварени се повеќе средби со претставници на странски царински служби од Србија, Словенија, Косово, Хрватска, Албанија, Црна Гора, Словачка, Турција, Италија, Франција Холандија, САД и други за понатамошно унапредување на соработката околу забрзувањето на трговијата и борбата против недозволената трговија, како и други теми од взаемен интерес за биалтералната царинска сораобтка.
***Во рамките на проектот за поддршка на модернизација на царинската служба, финансиран од Европската унија преку **CARDS програмата, испорачана е и информациска и комуникациска опрема за потребите на Царинската управа**. Со инсталацијата на опремата ќе се зајакнат капацитетите. посебно во делот на спречување на нелегалната трговија, борбата против корупција, обуките, наплатата на приходи и ќе се овозможи забрзување на царинските постапки и намалување на трошоците за бизнис заедницата.
***** интензивирани се активносите на **Вториот проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа (TTFSE II) за** отстранување на одредени тесни грла во инфраструктурата на граничните зони долж транс-европскиот коридор X на територијата на Република Македонија.
* Ратификувана Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка за соработка и взаемна помош по царински прашања.
* **Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност е воспоставена во 2004 година во Република Македонија и истата е финансирана и поддржана од страна на Стејт Департментот и Министерството за безбедност на земјата на САД. Во текот на 2008 година извршеан е донација на** фиксен рентген апарат кој е поставен на Аеродромот Александар Велики, теренски возила и софистицирана опрема, во вредност од проближно **500 000 УСД**
***Соработка со ЕУ ( Извештај на Европсакта комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година)**

- Во однос на царинското законодасвтво направен е добар напредок.
- Напредок е постигнат во обласата на обуките, како и на полето на спроведувањето на Стратегијата за интегритет и борба против корупцијата што дава видливи резултати. Проектите за подобрување на расположивите технички средства и опременоста на службата, успешно се реализраат со што се подобруваат техничките капацитети.
- Сите овие ангажмани придонесоа за значајни резултати во борбата против прекуграничниот криминал и заштитата на правата на интелектуална сопственост,а наплатените приходи од страна на Царинската управа се значително зголемени.

Со дополнителните напори кои се вложуваат во модернизацијата на полето на информациската и комуникациската технологија, што исто така претставува едно од барањата за понатамошни реформи.

*Заклучок.*Постигнат е значителен напредок во ова поглавје, и во однос на усогласување на законите и во однос на административните капацитети. Значително е зголемена наплатата на приходи и остварени се добри резултати во борбата против прекуграничниот криминал, вклучувајќи ги и прекршувањата во областа на правата на интелектуална сопственост. Царинското законодавство е добро усогласено со правото на *ЕУ*, но сепак сепак постои потреба од понатамошно усогласување. Административниот и оперативниот капацитет се значително подобрени, а борбата против корупцијата даде видливи резултати.

* Во текот на 2009 година, по формалното пристапување, се очекува Царинската управа да користи расположива помош во рамки на **Програмата Customs 2013**.

* Учество на подготвителниот состанок во Стразбур, Франција, во рамките на процесот на 3-та евалуација од страна на комисија на експерти од Советот на Европа MONYVAL за состојбата со борбата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во Република Македонија;

* Учество во работата на Советодавно тело за зајакнување и спроведување на мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во Република Македонија;

* Учество во работната група за борба против комерцијални измами во рамките на соработката со CROWN AGENTS.

* **Соработката со СЕКИ центарот е зголемена** со учество на Царинската управа во меѓународни операции и размена на информации за заплени, како и разузнавачки информации. **Истото се однесува и за сработката со РИЛО**-регионална канцеларија на разузнавачки офицери во рамките на Светската царинска организација.

* **Извршена презентација пред ИТ мониторинг мисија на Генералниот директорат за царина и оданочување при Европската комисија–EU DGTAXUD**, на тековните развојни активности и идните планови во делот на унапредувањето на информатичката подготвеност на Царинската управа за постигнување интероперабилност и интерконективност со ИТ системите на Генералниот Дуректорат за царина и оданочување на ЕУ.

* Во соработка со Владата на САД, претставувана преку U.S. Trade and Development Agency, беше реализиран **Пилот проект за прекугранично олеснување на трговијата помеѓу Република Македонија, Република Бугарија и Република Србија.**

* Во соработка со Агенцијата за меѓународен развој на САД - USAID Проектот за деловно опкружување БЕА, беше реализиран Пилот проектот за воспоставување на **Систем за управување со постапката на увоз за облагородување**.

* Царинската управа учествува во проектите на Владата на РМ за обезбедување ИКТ систем за Интегрирано гранично управување и Национална разузнавачка база на податоци.

***Обуки на царински службеници и нови вработувања***

* **одржани се вкупно 194 обуки на кои учество земале 3.215 вработени**, вкупно часови 48.029, во просечно траење по вработен од 54.87 часа.

* во процесот на обуки за нововработени царински службенци кои во 2008 година беа под третман на пробна работа извршени се обуки за 150 нововработени царински службеници. Во подготовка е новиот план за обуки за 2009 година.

* во почетокот на 2008 година се одржа обука за Кодексот на однесување на царинските службеници кој беше донесен при крајот на 2007 година и на оперативната инструкција за системот на оценување на работата на царинските сллужбенци исто така донесен при крајот на 2007 година, а кој почна да се применува од почетокот на оваа година.

* во постапка по објавен јавен оглас **вработени се во Царинската управа 122 лица**.

***Други активности на ЦУРМ***

* **превземено управувањето со граничните премини од ЈПССДП на РМ**

* **превземени 204 вработени** од ЈПССДП, 180 вработени на неопределено време и 24 на определено време. Согласно Законот беше превземена архивата, техничката докуметнација и во тек е согласно заклучоците од Владата на Република Мекедонија превземање на движниот и недвижниот имот на граничните премини за патен сообраќај.

* директорот на ЦУРМ во месец октомври 2008 година оствари средби во 9 градови (Кавадарци, Гевгелија, Струмица, на две места во Скопје, Тетово, Куманово, Делчево, Штип и

Велес), на која присуствуваа безмалку 300 претставници на 250 трговски друштва меѓу кои, увозници, извозници, производители, шпедиции, транспортни компании и др.